British Embassy Skopje

Центар за Управување со Промени

Институт за човекови права

# ПРИРАЧНИК за ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО И ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ



# ПРИРАЧНИК

# ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО И ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

ПРИРАЧНИК ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО И ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

**Издавачи:**

Здружение на граѓани Институт за човекови права
Здружение за развој Центар за управување со промени

**За издавачот:**

Маргарита Цаца Николовска
Неда Малеска Сачмароска

**Автор:**

Саше Димовски
Ненад Мирчевски

**Уредници:**

Мирослав Драганов

Маја Стојаноска

**Лектура:**

Татјана Стојановска

**Превод:**

Блерина Старова Златку

**Дизајн и печатење:**

Бригада дизајн

**Тираж:**

400 примероци (Бесплатен/некомерцијален тираж)

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.ihr.org.mk и на www.cup.org.mk

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје
070-047.37(035)

ДИМОВСКИ, Саше
Прирачник за истражувачко новинарство и пристап до информации / [автори Саше Димовски, Ненад Мирчевски]. - Скопје : Институт за човекови права, 2016. - 21 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 21

ISBN 978-608-66024-0-6
1. Мирчевски, Ненад [автор]
а) Истражувачко новинарство - Пристап до информации - Прирачници
COBISS.MK-ID 102015242

Оваа публикација е изработена во рамките на проектот „Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права" финансиран од страна на Европската Унија и Британската Амбасада во Скопје. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија и на Британската Амбасада во Скопје.

British Embassy
Skopje

# Вовед

Истражувачкото новинарство во современите демократии е од клучно значење за остварувањето на улогата на медиумите, а воедно е и чувар на јавноста и заштитник на човековите права. Најважната задача на новинарите во демократските општества е да ги заштитуваат интересите на граѓаните. За да ја остварат оваа задача новинарите откриваат злоупотреби на власта и на моќта на поединци и институции и на тој начин придонесуваат за одговорно и отчетно владеење, промовирајќи го јавниот интерес.

Истражувачкото новинарство се изучува како предмет на факултетите по новинарство, а професионалните медиуми издвојуваат посебни средства за новинарски истражувања и ги обучуваат своите новинари како да истражуваат.

Истражувачкото новинарство се остварува врз основа на воспоставени правила и стандарди. За работата на истражувачките новинари значајно е почитувањето на моралните норми на новинарската професија и на законската рамка за пристап до информациите од јавен карактер.

Прирачников за истражувачко новинарство и пристапот до информации е алатка за секојдневна употреба и е наменет, пред сè, за студентите по новинарство и за младите новинари кои имаат желба и можност да се занимаваат со истражувачко новинарство.

# ГЛАВА 1:
# ШТО Е ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО?

Новинарското известување може да биде дневно-информативно, аналитичко и истражувачко.

## *1.1. Дневно-информативно новинарство*

Дневно-информативните задачи на новинарите се да пренесуваат соопштенија и изјави од јавни личности и институции, да известуваат од настани, прес-конференции, конгреси, концерти, спортски натпревари и сл., како и за одредени состојби и појави во општеството. За информациите и вестите што ги објавуваат, новинарите бараат и реакции и мислења од надлежни институции или од засегнати личности и ги пренесуваат во јавноста. Заради тоа дневно-информативното новинарство уште се нарекува и реактивно новинарство.

## *1.2. Аналитичко новинарство*

За аналитичкото новинарство карактеристично е тоа што новинарите одат чекор понатаму и настаните и состојбите за кои известуваат ги ставаат во посебен контекст, ги дополнуваат со општествената позадина, потсетуваат на слични настани, појави или изјави кои им претходеле, ги толкуваат и ги анализираат, ги објаснуваат и ги интерпретираат, а сè со цел читателите и јавноста подобро да ја разберат нивната суштина.

## *1.3. Истражувачко новинарство*

Истражувачкото новинарство е најтешката и најсериозна форма на новинарство. Тоа бара многу труд, време и ресурси, кои, за жал, во македонски услови мал број редакции или новинари можат да си ги дозволат.

Истражувачкото новинарство е најценето, возбудливо и интересно и многу често наградувано доколку се работи според утврдените правила и со примена на новинарските стандарди.

Во истражувачкото новинарство новинарите бараат докази за информациите кои ги пласираат институциите и јавните личности, „копаат“ подлабоко за да откријат што се крие зад соопштенијата, изјавите, настаните и состојбите.

Истражувачкото новинарство е процес во кој новинарот открива информации, факти и бројки кои ги поседуваат државните и јавните институции, компаниите или одредени личности и не сакаат да ги споделат со јавноста, а се од јавен интерес, или со нивното откривање преовладува јавниот интерес.

Истражувачкото новинарство најчесто се поврзува со истражувањето криминал и корупција во сите облици. Во јавноста се создава впечаток дека истражувачките новинари имаат моќ, преку своите истражувања, корумпираните личности да ги изведат пред суд, што не е целосно неточно, бидејќи истражувачките стории во голем број случаи низ светот биле основа полицијата, јавното обвинителство или други органи кои гонат криминал и корупција да поведат судски постапки токму врз основа на податоците собрани во рамки на новинарските истражувања.

Но, мора да правиме разлика помеѓу работата на новинарите-истражувачи и државните истражни органи. Откритијата на државните истражни органи можат, на пример, да бидат само солидна основа за истражувачка сторија, а откритијата на новинарите можат да послужат за покренување истрага врз основа на јавно допрен глас.

## *1.4. Дефиниции на истражувачкото новинарство*

Според американската организација „Истражувачки новинари и уредници“ (IRE)[1], истражувачкото новинарство е новинарство што открива факти, особено оние што намерно се чуваат како тајна.

За Холандско-фламанската организација за истражувачко новинарство (VVOJ)[2], пак, истражувачкото новинарство опфаќа поширока рамка:

- Откривање скандали и кршење закони, правила и етички стандарди од страна на индивидуи и институции;
- Испитување на политиките или на функцијата на институциите на власта, бизнис-компаниите или невладините организации, црквите и сл;
- Опишување на општествени, економски, политички и културни трендови;
- Интерпретирање и поврзување на познати факти на непознат начин.

## *1.5. Клучни елементи на истражувачкото новинарство*

Во практиката се среќаваат повеќе дефиниции за истражувачкото новинарство, но, главните обележја за кои сите се согласуваат, односно елементите кои треба да ги содржи секое новинарско истражување се следниве:

- Оригинална истражувачка работа на новинарот;
- Откривање информации од јавен интерес кои поединци, организации или владини институции се обидуваат да ги скријат;
- Истражување кое укажува на проблем од поширок јавен интерес.

1 Официјална веб страна на Истражувачки новинари и уредници(Investigative Reporters and Editors) достапна на www.ire.org

2 Официјална веб страна на Холандско-фламанската организација за истражувачко новинарство (The Dutch-Flemish Association for Investigative Journalism ) достапна на www.vvoj.nl

Главната одлика на секое новинарско истражување е тоа да биде оригинален новинарски труд, сопствено истражување што го спроведува новинарот, а не пренесување резултати и податоци собрани од некој друг. Притоа, мора да се прави разлика помеѓу истражување (тема во која се содржани одредени податоци од јавни извештаи, документи или анализи, систематски разработени и вкомпонирани од страна на новинарот) и истражувачки процес, во кој се откриваат тајни документи, финансиски извештаи, се лоцира злоупотреба на позиција и моќ, кои може и треба да иницираат и одговорност на оние кои се опфатени во истражувачката приказна.

Понатаму, во рамки на истражувањето, нужно е да се откријат податоци кои некој се обидува да ги сокрие, а кои се од јавен интерес и јавноста има право да знае за нив, како: трошење пари од буџетот, злоупотреба на средства и финансии во локалната самоуправа, корупција, злоупотреба на моќта и позицијата за лични или за други цели, загрозување на здравјето на населението итн.

Секоја истражувачка сторија укажува на сложени социјални проблеми и има за цел да открива незаконско однесување на јавни функционери, злоупотреба на позициите и злоупотреба на власта преку користење на ресурсите кои и се дадени на управување/раководење.

## *1.6. Што не е истражувачко новинарство?*

- **Известувањето за доброто работење на институциите** е пи-ар, а не новинарство, најмалку истражувачко.

- **Протекувањето информации од институциите кон медиумите и новинарите** (Leak Journalism) не е истражувачко новинарство. Причината за протекување информации може да биде приватен, политички или лукративен интерес на оној што им ги дава **информациите на новинарите и поради тоа може да биде само почеток на новинарското истражување.**

- **Ексклузивната приказна или известувањето од еден извор не е истражувачко новинарство. Истражувачката приказна мора да има повеќе извори - човечки и документирани и верификација на секоја информација**.

- **Користењето информации за уцена и за изнуда од страна на новинарите, не е истражувачко, туку рекет-новинарство**.

- **Папарацо новинарството, односно следењето и тајното фотографирање и известување за животот на моќни луѓе, бизнисмени, шоумени, пејачи, актери, политичари... не е истражувачко новинарство, зашто ја нарушува приватноста на јавните личности. Но, папарацо новинарството може да биде истражувачко ако за објавувањето на тајно снимените фотографии или за нарушувањето на приватноста има јавен интерес.**

- Истражувачката работа носи различни видови ризици. Главниот ризик е можноста за злоупотреба и масовна манипулација со објавените информации. Уште во ра-

ната историја на истражувачкото новинарство имало серија злоупотреби, почнувајќи од популистичкиот стил на пишување и ширење мислење дека секоја критика или обвинение, објавени на спектакуларен начин, се оправдани и неспорни, што ја поттикна појавата на стереотипи за овој вид новинарство. Новинарството, кое со злоупотреба на постоечките стереотипи и преку создавање нови, ги поттикнува нетолеранцијата, ксенофобијата, шовинизмот и насилството, не е истражувачко новинарство. Таквото новинарството не е дури ни новинарство, бидејќи не ги исполнува ниту основниот критериум: информациите од изворот до читателот, слушателот или гледачот да дојдат на аргументиран начин.

# 2. Историја на истражувачкото новинарство

Иако почетоците на истражувачкото новинарство датираат од дваесеттите години на минатиот век, за симболичен почеток на истражувачкото новинарство се смета аферата „Вотергејт“ од почетокот на 1970-те години. Станува збор за новинарска статија која го разоткри скандалот со прислушување на политичките противници на владеачката партија во САД, во кое беа вмешани претседателот Ричард Никсон и неговите блиски соработници. Случајот го покрена истражувачкиот тим новинари на весникот „Вашингтон пост“, а му се придружија и другите медиуми. Тие објавија серија истражувачки стории за скандалот и за обидот тој да се прикрие. Претседателот на САД беше принуден да поднесе оставка од функцијата во 1974 година.[3]

## 2.1. *Можете да го убиете новинарот, но не можете да ја убиете приказната*

Случајот познат како „Вотергејт» ќе остане запаметен како еден од најважните успеси на тимот истражувачки новинари. Истражувачкото новинарство, по аферата „Вотергејт“, доби нов правец и на него се гледа како на „херој“, па од тогаш многу светски редакции во своите тимови назначија новинари-истражувачи.

Главниот настан, кој се случува во американското истражувачко новинарство, по аферата „Вотергејт“ е убиството на Дон Болес, новинар на весникот „Аризона Рипаблик“ во 1976 година. Болес бил убиен додека истражувал политичка корупција и организиран криминал во Аризона. По настанот, новинари од 27 весници, радио и ТВ станици ја продолжиле истрагата и на крајот објавиле 23 приказни за корупција и криминал. Тогаш за првпат е употребена паролата: „Можете да го убиете новинарот, но не можете да ја убиете приказната“.

По примерот на IRE во САД, која е создадена во 1976 година, и во многу други земји се основани организации на истражувачки новинари чии членови споделуваат информации и работат како тим на истражувачки приказни.

Иако историјата на истражувачкото новинарство започнува во весник, тоа не е само привилегија на печатените медиуми. Со користењето на карактеристиките на електронските медиуми, посебно на интернет просторот (веб порталите) се создаваат успешни истражувачки приказни на кои работат и ТВ и радио новинари.

## 2.2. *Истражувачкото новинарство во Македонија*

Истражувачкото новинарство во Македонија свои зачетоци има од крајот на осумдесеттите години на минатиот век кога списанието „Млад Борец“ почна да објавува дотогаш непознати факти за историските настани и личности од времето по Втората светска војна, кои тогашната власт на Социјалистичка Република Македонија ги криеше.

3 Повеќе за истражувачката сторија Вотергејт се достапни на: www.washingtonpost.com/wp-srv/politics/special/watergate

Своето огнено крштевање во самостојна Македонија, пак, истражувачкото новинарство го доживеа со воведувањето на демократијата и особено со појавата на неделникот „Фокус“ (1995 год.) кој го истражуваше процесот на приватизација во Македонија и откри бројни злоупотреби, а подоцна и неделникот „Денес“ и приватните дневни весници „Дневник“, „Македонија денес“, како и А1 Телевизија, кои објавуваа истражувачки приказни за политичките и бизнис злоупотребите на тогашната власт, пред парламентарните избори во 1998 г.

За жал, злоупотребите на власта и моќта се видливи и денес, а потребата од истражувачко новинарство и изнаоѓањето алтернативни платформи за него денес е поголема поради контролата на мејнстрим медиумите – ТВ и печатот од страна на владеачките партии.

Но, денес, освен неколкуте независни ТВ канали, благодарение на интернет, постојат повеќе информативно-политички портали кои негуваат истражувачко новинарство, пред сè финансирано од грантови на фондови и институции од земјите-членки на Европската унија и САД, како и новинарски мрежи - „Скуп“ центарот за истражувачко новинарство, БИРН - балканската мрежа за истражувачко новинарство кои се специјализирани токму за истражувачки приказни.

Со истражувачко новинарство денес во Македонија се занимаваат десетици македонски новинари од повеќе македонски медиуми, поради што и Здружението на новинарите на Македонија својата традиционална награда за годишно новинарско остварување ја посвети токму на истражувачкото новинарство. Македонскиот институт за медиуми (МИМ), пак, долги години доделува награди за истражувачко новинарство, а такви награди доделува и претставништвото на Европската унија во Македонија.

# 3. Фази на истражувачкиот процес

Во текот на работата на истражувачката приказна, од идеја до реализација, новинарот треба да помине повеќе фази на истражувачкиот процес. Според Прирачникот за истражувачко новинарство на Балканот[4] од Шеила Коронел, тие фази се:

- Добивање трага за приказната;
- Испитување на можноста за реализација на приказната;
- Формулирање на истражувачката хипотеза;
- Поставување минимална и максимална приказна;
- Истражување и известување;
- Организирање и анализа на информацијата;
- Пишување на приказната;
- Факти и правни проверки;
- Објавување или емитување на приказната;
- Следење на приказната по објавувањето – „follow up“.

Сите овие фази детално се разработени во една од најважните алатки за истражувачките новинари – Синопсисот на истражувачката приказна.

## *3.1. Синопсис на истражувачката приказна*

Синопсисот е список прашања на кои е многу важно да одговори секој новинар пред да почне да работи на конкретно новинарско истражување, процес во кој никој не би сакал непотребно да потроши време и пари.

Синопсисот е дело на истражувачкиот новинар од Данска, Ларс Мелер и тој се состои од седумдесетина прашања, дополнети и прецизирани во школите за обука за истражувачко новинарство. Дел од прашањата на синопсисот новинарот истражувач не може да ги одговори на почетокот, туку подоцна, во текот на истражувачкиот процес, но важно е пред себе да ги има и постојано да им се навраќа за да не заталка во истражувањето. Во продолжение следуваат прашањата поделени во неколку групи.

4 A guide for investigative journalists in the Balkans, Shelia S.Coronel

### *3.1.1. Кои се вашите главни тези?*

Првата група прашања се однесува на основните тези на истражувачката приказна.

- Што сакате да кажете? (Што сакате да и' соопштите на јавноста со вашата истражувачка приказна? Ова треба да умеете да го раскажете во една реченица);
- На кој начин сакате да го кажете тоа? (интервју, репортажа, анализа на документи...);
- Што е минимум, а што максимум на вашата истражувачка приказна? (наслов и кратко објаснување – важно е да сонувате за максимумот, но ако не го дефинирате минимумот што сакате да го докажете, подоцна може да се разочарате);
- Зошто сакате да го кажете тоа? Кои се вашите мотиви (професионални и приватни), односно дали кај вас постои судир на интереси?
- За кого е важна приказната? (Која е вашата публика?)

### *3.1.2. Кои се најважните прашања во случајот?*

- Направете попис на најважните прашања.
- Што знаете, а што претпоставувате?
- Што уште треба да дознаете: за законската регулатива, за околностите и обичаите во конкретната средина на истражување, за статистичките податоци, за етичките принципи.

### *3.1.3. Направете попис на информациите кои бараат потврда и проверка и на начинот на кој можете да ги потврдите*

### *3.1.4. Кој сè е заинтересиран за објавување на истражувачката приказна?*

- Направете список на можни заинтересирани лица за успехот на вашата сторија.
- Кој е заинтересиран да не се објави приказната (во редакцијата или надвор од неа)?
- Кој сè може да ви стане непријател, каква опасност ви претстои и каква заштита имате или треба да побарате?
- Како јавноста ќе ја прими вашата приказна, која ви е целната публика и дали очекувате реакција од јавноста?
- Кој сè може да ви биде соработник, извор, инсајдер и како можете да го пронајдете?

### *3.1.5. Подредување и анализа на информациите*

- Поделете ги информациите според важноста;
- Поделете ги информациите на потврдени и непотврдени;
- Консултирајте се со стручно лице од соодветната област доколку имате проблеми со разбирање на одредена специфична стручна материја.

### *3.1.6. Како да ја претставите истражувачката приказна?*

- Што треба да знаат читателите и на кој начин треба да го дознаат тоа?
- Како да му го претставите на читателот процесот на истражување, прибирањето документи, уредувачката политика и интересот за вашата работа?
- Што треба да одвоите од приказната и да го претставите преку фотографија, да го илустрирате со графикони, да го поткрепите со анкета или со аудиовизуелни ефекти?
- Направете проценка дали истражувањето ќе го објавите во една или во повеќе приказни.
- Ако се решите за серија, одлучете дали ќе ја објавите серијата откако ќе ги напишете сите делови од истражувањето или ќе пишувате паралелно со објавувањето на првиот дел од приказната.
- Дали случајот може да покрене позитивна или негативна кампања?
- Дали постои можност некој друг да покрене кампања од вашиот случај, да ве употреби вас или да го злоупотреби за свои цели?
- Дали темата заслужува да биде најавена со посебна медиумска кампања, преку истакнување посебно лого, банер, најави, уводник?

### *3.1.7. Колку време и пари ви се потребни?*

- **Направете пресметка колку време и пари ќе ве чини истражувањето (колку денови или недели, какви трошоци ќе имате за пристап до документите, за истражувањето, за користење техника и опрема?)**
- **Колку време ќе ви треба за сопствена истрага, дали ќе користите помош од соработници, фотограф, ТВ екипа, други членови на тимот, адвокати, консултанти?**
- Дали ви е потребна помош од стручни лица?

### *3.1.8. Каква е вашата истражувачка стратегија?*

- **Направете распоред на вашите чекори (хронолошки и според важноста на постапките). Што ќе истражувате прво, што второ, а што последно?**

- **Направете временски распоред на активностите**.

- **Одвојте време за сите планирани активности**.

- **Никогаш не велете: немам време или брзам. Секое истражување се работи темелно, а за тоа мора да најдете време**.

## *3.2. Организирајте ги своите извори!*

- Направете попис на „усните“ извори.
- Поделете ги изворите на главни и споредни.
- Поделете ги изворите за да видите кој какво искуство има, кој со кого е поврзан роднински, пријателски, кој има бизнис или политички интереси, за да сте сигурен кој и каков став застапува во вашето истражување.
- Направете разлика помеѓу стручното знаење и ставот, односно коментарот, неутралните и пристрасните извори.
- Одлучете кога и како ќе ги контактирате потенцијалните извори.
- Не им давајте премногу време за подготовка, бидејќи постои опасност да ви скријат важни документи и информации.
- Инсистирајте кај изворите веднаш да ви ги обезбедат документите за кои ви тврдат дека постојат и се во нивна полза.
- Размислете за етичките и законските проблеми при користењето анонимни извори, или за извори кои користат или им треба безбедносна заштита.
- Направете попис на пишаните документи кои ги користите како извор.
- Поделете ги документите според достапноста - јавни, лесно и тешко достапни, документи класифицирани како тајни.
- Утврдете кои документи би можеле да ги најдете на интернет, а за кои ви треба посебно барање, дали се бесплатни или до нив се стигнува откако ќе платите одредена сума пари.

- Дали постојат законски или етички проблеми при користењето одредени документи?
- Како ќе дојдете до бараните документи, фотографии, аудио или видео фајлови?

### *3.2.1. Што уште треба да анализирате и да проверите во текот на истражувањето?*

- Информациите кои од претпоставки станале факти.
- Дали поединечните информации создаваат целосна слика за тоа што сте го истражувале?
- Дали ви недостасуваат одредени информации кои треба да пополнат воочена празнина?
- Дали некои информации бараат одговори на нови прашања?
- Подгответе прашања за клучните разговори/интервјуа, поставете ги планираните прашања, инсистирајте на прецизни одговори, побарајте документи.
- Снимете ги разговорите секогаш кога тоа е можно.
- Објавете ја сторијата дури тогаш кога ќе бидете целосно уверени дека ги имате одговорите на сите спорни прашања.

### *3.2.2. Што, по објавувањето на истражувачката приказна?*

- Какви реакции очекувате?
- Подготвени ли сте за пофалби или за критики?
- Подготвени ли сте да продолжите со истражување на истата или на друга тема?
- Вредеше ли да поминете низ целиот процес на истражување?
- Што е следно што би требало да направите?

**Доколку овој сет прашања ви изгледа премногу долг, непотребен или наивен, пред да се впуштите во авантурата „истражувачко новинарство“ имајте го на ум советот од почетокот на овој прирачник дека истражувачкото новинарство не е нималку лесна работа. Таа е полна со замки на секој чекор, изненадувањата ве следат со секој нов откриен документ, со секое истражување на интернет, со секој разговор или со секоја информација добиена од соговорник.**

**Сепак, на крајот, вашето откритие може да смени многу работи во локалната средина за која сте пишувале, па и многу пошироко. Оттука, изборот, дали ќе се занимавате со „дневно“ или со „истражувачко новинарство“ е Ваш.**

## 4. Корисни совети за новинарите истражувачи

Секој новинар што ќе „заплови“ во водите на истражувачкото новинарство треба да ги има предвид следниве препораки кои можат многу да му помогнат низ процесот на истражувањето:

- Не плашете се да навлезете во сите полиња на истражување, бидејќи никогаш работите не се само црно-бели.
- Запишувајте ги сите работи и не фрлајте ги белешките. Секогаш треба да се навраќате на нив и да проверите дали сте ги истражиле сите аспекти.
- Од почетокот на истражувањето мора да обезбедите фотографии, графички илустрации и други елементи што ќе ги користите за визуелизација на приказната (секогаш треба да размислувате за илустрацијата паралелно со содржината на истражувачката сторија).
- Приказната треба да ја напишете едноставно, разбирливо, но секогаш да ги зачувате главните информации кои мора да ги пренесете правилно, точно, стручно и професионално, без минимизирање (прераскажување) на главната поента, туку со цитирање или со прикачување документ во прилог на сторијата.
- Доколку користите податоци од веќе објавено истражување, треба да ги цитирате и да кажете кога било реализирано истражувањето, за да може читателската публика да разграничи што е тоа што го открил авторот, а што се користени извори.
- Новинарските истражувања не се пишуваат набрзина, ниту накратко. Секогаш пишувајте подолго и во детали, но разбирливо.
- Приказната пишувајте ја паралелно со истражувањето, следете ја основната идеја на истражувањето, фокусот на темата и не се расплинувајте со нови аспекти по секој новооткриен доказ. Обидете се новите информации да ги ставите во рамка на веќе зацртаниот синопсис (костур) на истражувањето на кое веќе сте работеле.
- Држете се секогаш до основната информација поради која сте го почнале истражувањето и надградувајте ја според откриените документи.
- Јасното и едноставно пишување не значи дека треба да пишувате површно и неодговорно.
- Доколку сѐ не можете да раскажете во една истражувачка сторија, треба да напишете две или повеќе. Секоја приказна мора да има нов, јасен фокус.
- Во истражувачката приказна која ја објавувате во продолженија не треба да ставите се што знаете. Бидете внимателни при пласирањето информации и секогаш чувајте информација која ќе биде ваш „џокер“, доколку има обиди вашата истражувачка сторија да биде демантирана, но без цврсти аргументи.

- Многу новинари долго време посветуваат на истражувањето, а потоа за кратко време ја пишуваат приказната. Овој пристап е целосно погрешен. На пишувањето, како и на истражувањето, мора да му посветите доволно време.

- Текстот кој сте го напишале треба да го прочитате неколкупати. Проверете дали важните факти и цитираните документи се правилно пренесени.

- Во текот на препрочитувањето и при редактирањето на текстот многупати се случува да смените одредени делови од приказната, но внимавајте, не смеете да го изгубите фокусот на темата. Проверете дали цитираните документи се однесуваат на финалната верзија на приказната и дали се точно означени.

- Пред да ја објавите приказната, задолжително прочитајте ја уште еднаш. Честопати ненамерно се случуваат грешки направени во процесот на лекторирањето, на уредувањето и на техничката подготовка на текстот.

- Не смеете да дозволите одреден технички детаљ да ја упропасти истражувачката сторија на која сте работеле подолго време.

## 5. Тест за јавен интерес во новинарството

Кога решаваат да пишуваат на одредена тема новинарите имаат обврска да утврдат дали постои јавен интерес за неа. Ова е од особена важност при пишувањето истражувачки теми. Јавниот интерес се подразбира кога е во прашање истражувачкото новинарство, зашто негова задача е да открива прекршување на законите, на моралните норми или злоупотреба на моќта од страна на поединци и институции.

Сепак, новинарството е професионална дејност и новинарите имаат обврска да се придржуваат кон етичките правила и професионалните стандарди. **На пример, новинарите се должни да го наведат изворот на информациите кои ги објавуваат, да ја проверат информацијата од повеќе извори, но имаат и морална обврска да го заштитат идентитетот на децата и малолетниците, на жртвите од сексуално насилство, како и приватноста на граѓаните.**

**Мерило за примена или за прекршување на етичките стандарди е јавниот интерес**, поради што новинарите се должни во секоја ситуација да спроведат т.н. тест за јавен интерес.

Во следниве ситуации новинарите, во име на јавниот интерес, можат да ги заобиколат професионалните стандарди и етичките норми:

- Нарушување на правото на приватност на јавните личности со цел да се докаже корупција, криминал или друго прекршување на законите или моралните норми (со тајно снимање, влегување во приватен имот и сл.).

- Криење на идентитетот на новинарот или погрешно претставување пред соговорниците заради откривање корупција, организиран криминал или друго прекршување на законите;

- Користење анонимни извори заради откривање крупни кривични дела и заштита на идентитетот на изворите за да се избегне опасноста по нивниот живот и по благосостојбата;

- Прекршување на законските одредби за заштита на личните податоци на носители на јавни функции. На пример, објавување податоци од здравствени досиеја, доколку е тоа неопходно за да се открие нечија задравствена неспособност за извршување на функцијата;

- Нарушување на правилото за чување банкарска тајна, ако со објавувањето на податоците се открива незаконски стекнат имот;

- Прекршување на законските одредби за чување деловна, државна или воена тајна, доколку станува збор за откривање крупни корупциски и финансиски скандали, штетни меѓудржавни или државно-комерцијални договори;

- Отстапување од правилото за заштита на идентитетот на децата и малолетниците за да се алармира загрозувањето на нивниот живот и благосостојба (злоупотреба на детскиот труд, користење на децата за извршување кривични дела и сл.).

Со наведените случаи не се исцрпува списокот од етички дилеми со кои се соочуваат новинарите, но важно е секогаш да се примени тестот за јавен интерес.

ПОСЕБНА НАПОМЕНА: **Во текот на истражувањето и истражувачкиот процес секој новинар ќе се соочи со десетици ситуации кои** теоријата не може да ги предвиди. Умешноста на секој новинар треба да дојде до израз во ситуација кога треба да употреби „свои“ правила (секако, во рамки на етичките норми) за да дојде до информации кои не може да ги обезбеди на погоре посочените начини. Сè што не е забрането, е дозволено, а од умешноста на новинарот ќе зависи и неговата успешност. Секој ќе се обиде се да скрие, Ваше е како и на кој начин тоа ќе го откриете.

# 6. Студија на случај

Ш.Ф. беше судија во суд во Западна Македонија. Во времето кога беше унапреден за судија во Апелацискиот суд во неговиот регион новинар откри дека судијата судел предмет во кој една од странките била неговата мајка. Станува збор за граѓанска постапка, а судијата, според законот, во ниту еден случај не смее да постапува во предмети кога тужителот или тужениот му се блиски лица. Новинарот имаше сознанија дека постои таква пресуда, но потешко беше како да стигне до документот, кога на ниту една од засегнатите страни не им одговара да го сподели тоа со јавноста, бидејќи станува збор за тајна постапка која ја спровеле без никој да знае.

Соочен со предизвикот да создаде квалитетна сторија, новинарот наоѓа начин да ги провери основните податоци: бројот на предметот - пресудата, кој тужел, кој бил судија, а потоа наоѓа начин да провери дали странките и судијата се во крвно сродство.

Судот, кој треба да биде извор на информации во случајов, одбива да ја даде на увид пресудата или копијата од неа, бидејќи за тоа нема согласност од странките.

Во овој случај новинарот ги употребува сите свои релации во судот и на „неформален" начин успева да добие копија од пресудата. Кога е веќе сигурен дека има материјален доказ, на јавна свеченост, со вклучена камера, тргнува кон судијата Ш.Ф. и го прашува дали е точно дека судел предмет во кој неговата мајка е странка, ситуација која е спротивна на законот.

Судијата пред камера тврди дека не е точно, нема такво нешто! Новинарот поставува дополнително прашање: Дали ви е познат предметот под број XX/07 каде што сте суделе Вие во корист на вашата мајка? Судијата не одговара, но камерата го регистрира неговиот израз.

Новинарот ја објавува приказната во која го има негирањето на судијата, но и копијата од пресудата со сите важни податоци.

По емитувањето на ТВ прилогот, Судскиот совет, по службена должност, покренува постапка против судијата, утврдува дека судел таков предмет и судијата го разрешува од функцијата.

Една година подоцна разрешениот судија бара да се сретне со новинарот. Новинарот го прифаќа предизвикот. На средбата судијата признава дека згрешил и дека има желба да го запознае новинарот што успеал да ја открие неговата тајна.

Здружението на новинарите на Македонија ја номинираше приказната за годишна награда за истражувачко новинарство за 2007 година.

Етички прашања кои ги отвора овој пример:

- Дали новинарот требало да ја објави сторијата и во ситуација кога субјектот кон кого се однесуваат прашањата негира дека донел таква одлука?

- Дали новинарот треба да им верува на писмените или на усните извори и како да биде сигурен што е вистина?

- Ризикот од клевета и навреда не смее да биде причина за самоцензура.

# Глава 2:
# СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Со Законот за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер[5], кој се применува од 1 септември 2006 година, се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и други установи и институции утврдени со закон, како и правните и физичките лица што вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес.

Овој закон наметнува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и им овозможува на физичките и на правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

## *2.1 Зошто е важна примената на Законот за слободен пристап во истражувачкото новинарство?*

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на прв поглед изгледа гломазен, збунувачки, со строги правни процедури кои често ги „запираат“ новинарите на самиот почеток од своето истражување и тие не поднесуваат барање за пристап до информации или не ја продолжуваат жалбената постапка доколку се одбиени.

Но, ова е најголемата грешка што ја прават новинарите, кои, откажувајќи се од талкање низ правните лавиринти, ризикуваат да не направат добра истражувачка сторија, бидејќи, Комисијата или управните судови не се секогаш на ист став со имателот на информацијата, па во жалбена постапка можат да му наложат да му ја даде на барателот. Законот, гледано во целина, не им помага на новинарите кои пишуваат за теми од дневна агенда, бидејќи е поврзан со процедура и рокови, но е добредојден за големи, сериозни истражувања кои траат со месеци и кои се темелат токму на истражување и споредување податоци од различни институции.

Во таков случај, преку вкрстување податоци, како и преку прегледување разни финансиски извештаи, новинарите можат да направат одлични истражувачки стории. Затоа, колку и да изгледа макотрпен правниот пат за добивање информации, тој е многу важен во истражувањата и пожелно е новинарите да ги користат сите правни форми кои можат да ги доведат до бараната информација.

При барањето податоци од Централниот регистар на Македонија, како и од судовите, ќе се соочите со практика и решенија кои не се регулирани со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, па така, сите податоци од Регистарот ќе ви бидат достапни само доколку платите одредена сума според та-

5 Законот за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер,Службен весник на РМ, бр.13/2006 и 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16.

рифата на Централниот регистар[6] или според Законот за судските такси[7].

Но, доколку побарате одредена информација од суд, на пример, пресуда по правосилноста или анонимизирана пресуда, доколку е првостепена, неа може да ја добиете бесплатно ако нагласите дека ја барате во електронска форма (на имејл или на цеде).

Истражувачкото новинарство, засновано на податоци и документи, е особено ценето, па затоа секогаш кога има можност за тоа барајте препис или копија од документите, информациите што ви се потребни и на нив навраќајте се неколку пати во текот на истражувањето, сè додека не сте сигурни дека правилно сте ги прочитале или сте ги искористиле сите податоци што ги содржат тие документи кои се од интерес за вашата истражувачка сторија.

Доколку не постои друга опција, направете увид во одредени документи, потрудете се правилно да ги нотирате главните податоци, архивскиот број и датум, и тоа нагласете го во истражувањето, за да ја убедите публиката дека Вашето истражување се заснова на податоци и документи. Врз основа на прибраните податоци и документи според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, правете свои папки - фолдери со податоци и новодобиените информации споредувајте ги со веќе добиените податоци, бидејќи на тој начин  секогаш и во секое време може да откриете нова информација која може да ве одведе кон ново истражување.

Посебно имајте ги во вид имињата на фирмите, нивните основачи и управители, капиталната поврзаност на субјектите и нивните бизнис релации во различни земји. Регионалните и меѓународните истражувања се сон на секој новинар, па затоа, работејќи на истражувачки сторишни на локално ниво, бидете убедени дека може многу скоро да откриете трага која ќе го прошири Вашето истражување и надвор од земјата и на тој начин ќе соработувате со колеги истражувачи од регионот, ќе влезете во многуте мрежи на истражувачки новинари и ќе користите пари од фондови насочени за истражување, како начин и форма за поттикнување на овој вид новинарство, кој несомнено е иднината на светското новинарство.

## **2.2.** *Кои се имателите на информации?*

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ги користи следниве термини:

- Иматели на информации се сите органи и организации кои користат јавни, буџетски пари, вклучувајќи ги и невладините организации во делот на финансирање и трошење средства за проекти кои се финансирани и поддржани од Буџетот на Република Македонија.

- Информација од јавен карактер е информација во која било  форма што ја создал и со која располага имателот. Ова значи дека Законот предвидува пристап до ин-

6 Официјална веб страна на Централен регистар достапна на www.crm.com.mk

7 Законот за судските такси, Службен весник на Република Македонија бр.114/09 и 148/11

формации кои веќе постојат и не наметнува обврска за имателите да креираат нови информации.

Ова е чест пример за одбивање на барањата за слободен пристап, бидејќи имателот се повикува на околноста дека не ја поседува бараната информација.

- Барател на информација е секое правно и физичко лице без дискриминација по која било основа.

- Документ е секој запис на информација, без оглед на нејзината физичка форма или карактеристики, пишан или печатен текст, карти, шеми, фотографии, слики, цртежи, скици, работни материјали, како и звучни, гласовни, магнетски или електронски, оптички или видео снимки во која било форма, како и преносливa опрема за автоматска обработка на податоци со вградени или преносливи мемории за складирање на податоците во дигитална форма.

- Службено лице е лице вработено кај имателот на информации назначено да посредува со информациите од јавен карактер.

  Практиката покажува дека многу институции немаат назначено вакво лице во институциите, или дошло до промена на лицето, а на веб страниците фигурираат имејл и телефон од лице кое било, а сега не е на таа позиција, или воопшто не работи во институцијата. Во некои случаи портпаролот е и службено лице, иако работните обврски им се различни. Законот пропишува обврска во секоја од спомenатите институции да постои службено лице.

- Тест на штетност е задолжителна постапка што треба да ја спроведе имателот на информацијата пред да го одбие пристапот, согласно со член 6 од Законот, а со кој ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

Во случаите кога се одбиени, барателите на информации во жалбата треба да го нагласат елементот за тестот на штетност, доколку тоа не е наведено во решението, или доколку тестот на штетност, преку даденото образложение, не дава доволно убедливи аргументи за неговата оправданост. Тестот на штетност треба да се гледа и низ призмата на практиката на Европскиот суд за човекови права, кој единствено е надлежен да ги толкува или да ги појаснува своите одлуки, а националните судови да ги применуваат. Правото на информации не е неприкосновено и подлежи на ограничувања, но тие мора да бидат добро образложени, да се процени јавниот интерес, наспроти штетата, и да се дозволи пристап до информациите.

### *2.3. Законски ограничувања кога одредена информација не може да се добие*

Органот што ја има информацијата може да го одбие барањето за пристап до информација доколку информацијата е:

- Класифицирана информација со соодветен степен на тајност;
- Личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци;
- Информација за архивското работење која е утврдена како доверлива;
- Информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка;
- Информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката;
- Информација што се однесува на комерцијални и други економски интереси, вклучувајќи ги и интересите на монетарната и фискалната политика и чие давање ќе има штетни последици во остварувањето на функцијата;
- Информација од документ што е во постапка на подготвување и сè уште е предмет на усогласување кај имателот на информации, а чие откривање би предизвикало погрешно разбирање на содржината и информација која ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).

Законот предвидува дека информациите кои се утврдени со одреден степен на тајност стануваат достапни кога ќе престанат причините за нивната недостапност. По исклучок, кога станува збор за доверливи информации, имателите ќе одобрат пристап до нив по задолжително спроведениот тест на штетност, со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

Обврската за тестот на штетност прецизно е дефинирана, но во законот не е пропишана постапката по завршувањето на тестот за штетност. Ваква законска недефинираност е регистрирана и во законодавствата на другите земји, па оттука, тестот на штетност не секогаш ја исполнува целта.

Бројот на исклучоците и во прописите и во практиката мора да биде ограничен и строго резервиран, бидејќи нема пропишана дефиниција на тестот. Тестот се спроведува само за исклучоците од слободниот пристап, вклучувајќи ги и класифицираните документи и личните податоци. Сè друго е (односно, треба да биде) слободно и достапно за граѓаните.

Законот во овој дел е многу либерален и не предвидел исклучоци од правењето тест за штетност, па поради тоа, по барање на граѓанинот и на новинарите, имателот на информација треба да направи тест за сите информации, вклучувајќи ги и документите класифицирани со највисок степен на класификација „државна тајна“ или заштитените лични податоци кои се подложни на преиспитување преку тестот на штетноста, доколку се оцени дека јавниот интерес преовладува над приватниот.

## *2.4. Како треба да се спроведе тестот на штетност?*

Тестот на штетност се спроведува во три дела.

- Информацијата мора да е во однос со легитимната цел наведена во законот. (Исклучокот мора да биде заснован, односно точно предвиден и опишан во законот). Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер тоа го определува во член 6, каде што се предвидени 8 исклучоци, наведени погоре.

- Дали со пристапот се овозможува суштинска штета за таа заштитена цел? Спроведувајќи го тестот имателот мора да обезбеди доказ дека откривањето на бараната информација ќе го оштети, односно ќе му нанесе значителна повреда на заштитениот интерес (*ова секако е суштината на тестот,* иако практиката покажува дека секогаш е тешко да се измери штетата).

- Штетата што би и се нанела на заштитената цел мора да биде поголема од јавниот интерес да се открие таа информација. (откривањето на информацијата сепак треба да биде примарна цел, а штетата мора да биде голема и очигледна и без дополнителни објаснувања).

Она што е особено важно, а што може да има големо значење за имателите на информации, за вработените кај нив, за новинарите или за граѓаните е и одредбата дека „се ослободува од одговорност вработен кај имателот на информации кој на барателот ќе му даде заштитена информација која е од значење за откривањето на злоупотребата на службената положба, односно за откривањето на корупција, како и во случаи кога со дадената информација се спречуваат сериозни закани по здравјето на луѓето или по животната средина“.

Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер има донесено упатство во кое ги разработува постапките и овластувањата на имателите на информации и во него укажува дека:

Ако бараниот документ или негов дел содржи информации (со степен на тајност) кои можат да се одвојат од документот, без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информациите ги одвојува тие информации од документот (со нивно бришење или со прикривање при копирање) и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот. Доколку бараниот документ содржи лични податоци кои се заштитени, согласно со Законот за заштита на личните податоци, тие се бришат.

Секој имател на информации е должен, со акт, да определи едно или повеќе службени лица за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации. Службеното лице има обврска да ја спроведе постапката по барањето за пристап до информации од јавен карактер да им помага на барателите, со

цел на брз и едноставен начин, со помалку трошоци и помалку губење време, да ја добијат бараната информација, со што ќе го остварат своето право кое им е гарантирано со Уставот на Република Македонија, а е операционализирано во Законот.

Имателот на информацијата на барателот треба да му го обезбеди образецот на барањето за пристап до информации, утврден од Комисијата, и да обезбеди простории за увид во бараните информации. Увидот во бараните информации е бесплатен. Листата на информации треба редовно да ја ажурира имателот, а основ за одбивање на барањето не може да биде образложение дека бараната информација не се наоѓа на листата на информации. Основ за одбивањето на барањето може да биде само член 6 од претходно наведениот закон.

Тој кој ја има информацијата мора да овозможи бесплатен пристап до информациите од јавен карактер. Ако бараната информација е од поголем обем, имателот може да бара барателот да го даде однапред надоместокот за покривање на реалните трошоци за добивање на информацијата, а кои се однесуваат на копирање, печатење или добивање во друга форма. Трошоците за добивање на информациите се утврдени со одлука на Владата на Република Македонија.

## **2.5.** *Како се бара информација од јавен карактер?*

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер е од исклучително значење и за многумина баратели, вклучувајќи ги и новинарите, таа претставува пречка поради која барањата често се одбиваат поради непознавање и грешки во процедурата.

Барањето информации може да биде: усно, писмено, во електронска или во друга форма. Доколку барањето се доставува писмено и непосредно до имателот на информацијата, тогаш на примерокот кој останува кај барателот треба да биде ставен приемен печат со датум на прием. Доколку барањето се поднесува писмено и преку пошта, најдобро е тоа да биде со препорачана пратка, бидејќи со поштенскиот прием или со повратница се докажува датумот кога е испратено или примено барањето. Ова е од особено значење*, бидејќи од датумот на приемот тече рокот утврден во законот за постапување по барањето.*

Тој што ја бара информацијата може да добие пристап до неа со увид, да побара препис, фотокопија или електронски запис.

## **2.6.** *Усно барање информација како најбрз начин за нејзино добивање*

Доколку барателот поднесе усно барање за пристап до одредена информација, тој што ја има информацијата должен е да му обезбеди доволно време за запознавање со нејзината содржина, за што службеното лице треба да состави службена белешка. Доколку информацијата претставува исклучок од слободниот пристап, утврден во член 6 од Законот, тогаш службеното лице треба да подготви решение со кое ќе го одбие пристапот до бараната информација.

Доколку имателот одговори позитивно на усното барање, тогаш е должен веднаш, или најдоцна во рок од 5 дена, да го запознае барателот со содржината на бараната информација, во форма која е наведена во барањето.

Доколку имателот го одбие барањето, или доколку воопшто не одговори, или пак барателот има писмен или устен приговор на начинот на запознавањето, службеното лице за посредување со информации е должно да изготви заклучок против кој барателот има право на жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## *2.7. Писмено барање за добивање информации од јавен карактер*

Барањето за добивање информации од јавен карактер новинарот може да го поднесе и во писмена форма. Формата на образецот на барањето е утврдена од Комисијата и по правило новинарите барањата треба да ги доставуваат на овој образец, но тоа не е главен услов. Образецот, пропишан од Комисијата, се наоѓа на веб страницата: http://www.komspi.mk/?page_id=323

Новинарот не мора барањето за пристап до информации да го достави на овој образец, иако со него се поедноставува постапката за подготвување на барањето. Барањето може да го поднесе и на обичен поднесок, за кој е важно да ги содржи податоците предвидени во член 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и во него да наведе дека информациите ги бара согласно со тој закон. Тоа се името и презимето на барателот, адресата и други контакт податоци.

Во барањето не се пишува, ниту имателот на информација има право да бара од новинарот, да каже зошто ја бара информацијата.

Во барањето, новинарот мора да го наведе и начинот на кој сака да се запознае со содржината на бараната информација (увид, препис, фотокопија, електронски запис или друго). Доколку институцијата до која е испратено барањето не располага со бараната информација, веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето, должна е да го препрати барањето до имателот на информации и за тоа да го извести барателот.

## *2.8. Одговор на барањето за добивање информација по слободен пристап*

Во случај кога имателот на информации позитивно ќе одговори на барањето, веднаш му овозможува на новинарот запознавање со содржината на бараната информација и тоа со увид, фотокопија или со електронски запис, за што ќе подготви записник.

За позитивен одговор се смета и заклучокот со кој имателот ја прекинува постапката, затоа што не располага со бараната информација. Против ваквиот заклучок дозволена е жалба до Комисијата.

Доколку новинарот веќе добил позитивен одговор за пристап до одредена информација, а во рок од шест месеци поднесе барање за пристап до истата информација и кај истиот имател, тој нема обврска пак да одговара на барањето, туку со заклучок ќе ја прекине постапката. Против наведениот заклучок новинарот има право на жалба до Комисијата. Овде ќе се цени само елементот дали бараната информација претрпела корекции или дополнувања.

Кога новинарот ќе добие информација, но од неа произлегло барање за дополнителна информација поврзана со истиот документ, тогаш треба да поднесе ново барање, во согласност со член 15 и 16 од Законот, заедно со одговорот кој веќе го добил.

Кога новинарот ќе биде запознаен со информација што не ја навел во своето барање, односно кога имателот случајно или намерно му доставил друга информација, а не таа што е наведена во барањето, тогаш треба да поднесе ново барање, а институцијата е должна по новото барање да постапи во рок од 10 дена од приемот.

Доколку во рок од 30 дена имателот не подготвил и не доставил никаков акт до новинарот, се смета дека барателот добил решение за одбивање на барањето. Ова е многу значајно за новинарите, затоа што, по истекот на законски предвидениот рок може да поднесат жалба до Комисијата.

По правило, имателот ја доставува информацијата до барателот во форма наведена во барањето, а предвидена во законот. Од наведеното правило е предвиден исклучок и тоа, ако бараната информација веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна до јавноста и ако е поповолно за барателот информацијата да се достави во поинаква форма од бараната. На пример: доколку барателот има електронска пошта, а бара фотокопија од одредена информација, а имателот ја има во електронска форма, тогаш, заради избегнување трошоци за фотокопирање и доставување по пошта, бараната информација може да биде доставена и по електронска пошта.

Рокот за одговор на барањето за пристап до информацијата може да биде продолжен, но најмногу до 40 дена, само во случај кога бараниот документ е обемен, или ако имателот треба да му овозможи на новинарот делумен пристап до бараната информација со бришење на податоците со степен на тајност, како што е погоре опишано.

При продолжувањето на рокот имателот е должен да го извести новинарот и во известувањето да ги образложи причините за тоа. Наведеното известување треба да го достави најдоцна до 27–от ден од денот на приемот на барањето. Ако не му биде доставено известување, се смета дека станува збор за „молчење на администрацијата“ и новинарот може да поднесе жалба до Комисијата.

Рокот за поднесување жалба, во овој случај, не е ограничен, односно барателот може да поднесе жалба до Комисијата сè додека има потреба од бараната информација и додека мисли дека му е повредено правото на пристап.

## **2.9.** *Жалбени (судски) постапки*

Право на правна заштита, или право да поднесе жалба до Комисијата, има само новинарот кој поднел писмено барање за пристап до информации од јавен карактер. Новинарот има право да поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во следниве случаи:

- Против решението со кое имателот на информацијата во целост или делумно го одбил барањето;

- **А**ко имателот на информацијата во рок од 30**,** односно 40 дена**,** во случаи кога рокот му е продолжен, или во рок од 10 дена, кај повтореното барање, не му овозможил на барателот пристап до информацијата и ако не донел и на барателот не му доставил решение за целосно или делумно одбивање на пристапот (молчење на администрацијата). Во овој случај рокот за поднесување жалба е неограничен;

- Против заклучокот за запирање на постапката (со кој имателот констатира дека барањето е повлечено);

- Против заклучокот на имателот за прекинување на постапката (кога имателот ќе утврди дека не располага со бараната информација);

- Против решението за отфрлање на барањето.

Во сите случаи кога имателот донел акт, рокот за поднесување жалба е 15 дена од денот на приемот на актот. Жалбената постапка пред Комисијата се спроведува во согласност со одредбите од Законот за општата управна постапка[8].

Повеќе информации за начинот на поднесување на жалба може да се најдат на страницата на Управниот суд во Скопје: http://www.usskopje.mk/

или на страницата на Вишиот управен суд: http://www.vusskopje.mk/.

8 Законот за општата управна постапка, Службен весник на РМ , бр. 124/2015

## *Библиографија*


1. Истражувачката сторија Вотергејт се достапни на: www.washingtonpost.com/wp-srv/politics/special/watergate

2. Официјална веб страна на Истражувачки новинари и уредници(Investigative Reporters and Editors) достапна на www.ire.org

3. Официјална веб страна на Холандско-фламанската организација за истражувачко новинарство достапна на www.vvoj.nl

4. Официјална веб страна на Централен регистар достапна на www.crm.com.mk

5. Законот за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер,Службен весник на РМ, бр.13/2006 и 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16.

6. Законот за судските такси, Службен весник на Република Македонија бр.114/09 и 148/11

7. Законот за општата управна постапка, Службен весник на РМ , бр. 124/2015

8. Шеила Коронел, 2009, Копање подлабоко - Водич за истражувачки новинари на Балканот, БИРН, Сараево, Босна и Херцеговина